Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 13.08.2021

На 12.08.2021 во 18.00 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје" од слобода бил лишен Г.П.(60) од Република Србија, бидејќи при извршена проверка било констатирано дека се наоѓа во оперативна евиденција со мерка „апси", по барање на Интерпол. Г.П. бил предаден на полициски службеници од Полициска станица Кисела Вода за понатамошна постапка.

На 13.08.2021 во периодот од 00.10 часот до 01.00 часот, полициски службеници од СВР Тетово извршиле контрола во угостителски објект на магистралниот пат Гостивар-Тетово, сопственост на Х.А.(32) од с.Боговиње, тетовско. При контролата во објектот, освен вработените лица, биле затекнати и седум лица, од кои две македонски државјанки, три руски и две српски државјанки. Притоа, седумте лица биле лишени од слобода и спроведени во полициска станица Тетово, поради основано сомнение за кривично дело согласно член 418-а од Кривичниот законик, а на разговор во полициска станица бил повикан и сопственикот на објектот. Се работи на расчистување на случајот.

На 12.08.2021 во 10.55 часот на Граничен премин „Табановце", во товарно возило кое се движело на релација Република Грција - Република Србија, управувано од Д.М.(49) од Република Србија, биле пронајдени три лица илегални мигранти (еден од Иран и двајца од Авганистан). Од извршениот разговор мигрантите појасниле дека за одреден паричен износ едно лице ја искинало сајлата и си сместило, додека товарното возило било паркирано. Д.М. бил задржан за понатамошна постапка. Се работи на расчистување на случајот.

На 12.08.2021 во 18.45 часот кај Оровничка плажа на регионалниот пат Охрид – Струга, товарно возило „ман", со струшки регистарски ознаки, управувано од Ј.Т.(33) од с.Оровник, општина Дебарца, удрило во пешакот Б.С.(58) од Скопје, кој починал на местото на незгодата. Смрт констатирал од лекар на Итната медицинска помош Охрид. Увид извршиле полициски екипи и Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот е предадено на обдукција.

На 12.08.2021 во 08.15 часот во Полициската станица Гази Баба, А.М.(46) од Скопје пријавил дека на бул.„Александар Македонски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 12.08.2021 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територијата на град Скопје изречени се вкупно 157 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 54 санкции, 18 за возење без возачка дозвола, девет за возење под дејство на алкохол. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон, 10 за прекршоци што ги чинат возачите на мотоцикли, пет за возач почетник, 43 за непропишно паркирање.

На 12.08.2021 во 13.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека на магистралниот пат Гостивар - Кичево се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген голф", со италијанска национална ознака, управувано од З.Б.(58) од с.Добридол, гостиварско и мотоцикл „бмв", со тетовски регистарски ознаки, управуван од П.Б.(39) од с. Брвеница, тетовско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил П.Б., констатирани во Медицинскиот центар Гостивар. Увид на местото извршила екипа на СВР Тетово.

На 12.08.2021 во рамки на зајакнатата акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, санкционирани се 302 возачи. Од нив, 35 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а пет возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 181 возач ја пречекориле брзината во населено место, а 121 надвор од населено место.

На 12.08.2021 во 13.50 часот во Полициската станица Центар, М.С.(75) од Скопје пријавил дека во Градски Парк во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 12.08.2021 во 13.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионалниот пат Тетово - Пирок се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген голф", управувано од А.И.(52) од Тетово и мотоцикл „баотијан", управуван од А.И.(68) од с.Ломиница, гостиварско, двете со тетовски регистарски ознаки. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил А.И., констатаирани во Клиничка болница Тетово. Увид на местото извршила екипа на СВР Тетово.

На 13.08.2021 во 01.00 часот во Полициската станица Аеродром, Г.М.(44) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" во Скопје неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.С.(37) од с.Челопек, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 24.01.2021 на локалниот пат од с.Челопек, полициски службеници кај пријавениот пронашле ловна пушка и елек за носење на куршуми на кој имало куршуми, кои си поседувал без дозвола.

На 13.08.2021 околу 02.15 часот во СВР Штип било пријавено дека на крстосница од ул. „Христијан Тодоровски Карпош" и „Славчо Стојменски" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген голф", со штипски регистарски ознаки, управуван од А.С.(25) од Штип и мотоцикл, со прилепски регистарски ознаки, управуван од С.Д.(24) од Штип. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил С.Д., додека со телесни повреди се здобила А.С., констатирани во Клиничка болница Штип. Увид на местото извршила екипа на СВР Штип.

Одделението за внатрешни работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ј.Ш.(20) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „уцена". Пријавениот, во периодот од 01.08.2020 до 02.12.2020, уценувал 22-годишна жителка на гостиварско село, дека ќе објави фотографии со експлицитна содржина, за што во неколку наврати на оштетената ѝ земал околу 70.000 денари и златен накит.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Ф.(19) и Ф.И.(30), двајцата од Тетово, поради тоа што на 17.05.2021 година на улица „Иво Рибар Лола" во Тетово учествувале во меѓусебна физичка пресметка.

На 12.08.2021 година во 23.45 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионалниот пат Тетово – с. Пирок, поточно во с. Камењане, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „бмв", управувано од малолетник од Тетово и мотоцикл „зонг ненг", исто така, управуван од малолетно лице од Тетово, двете со тетовски регистарски ознаки. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Клиничката болница Тетово. Увид на местото извршила екипа на СВР Тетово.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Х.Е.(31) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија" и Б.И.(66) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање". На 04.06.2021 полициски службеници од СВР Тетово извршиле контрола во угостителски објект, сопственост на Б.И, при што констатирале дека во објектот има повеќе гости кои не држат соодветно растојание, а Х.Е. ги послужувал со пијалаци, со што биле прекршени мерките за заштита од ковид-19.

На 12.08.2021 во 15.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека од патничко возило, сопственост на Е.Б.(28) од Тетово, кое било паркирано на улица „Браќа Миладинови", била одземена чанта со лични и службени предмети и пари. Извршен бил увид на местото на настанот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Одделението за внатрешни работи Кочани поднесе кривична пријава против Б.М.(36) од с.Спанчево, кочанско, поради тоа што на 02.06.2021 во с.Спанчево, физички нападнал три лица.

Одделението за прекуграничен криминал и миграции Скопје поднесе кривична пријава против 17-годишен малолетник, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 06.08.2021 на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", пријавениот приложил фалсификуван негативен ПЦР тест.

На 13.08.2021 година во 06.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во казино на булевар „Крсте Мисирков" во Скопје две лица со закана одзеле пари од вработените. Извршен бил увид на местото на настанот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Одделението за внатрешни работи Прилеп поднесе кривична пријава против Д.К.(33) од с.Бела Црква, прилепско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 20.06.2021 година во с.Бела Црква, пријавениот со остар и дрвен предмет му се заканил на А.Б..

Одделението за прекуграничен криминал и миграции Скопје поднесе кривична пријава против Б.А.(55), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсисификување исправа". На 09.08.2021 година на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", пријавениот приложил фалсификуван негативен ПЦР тест .

На 12.08.2021 година во 19.30 часот во Полициската станица Центар, Е.С.Л.(68) од Скопје пријавил дека од дома се оддалечила неговата сопруга О.С.(56) од Украина. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Одделението за внатрешни работи Прилеп поднесе кривична пријава против Т.Р.(60) од с.Чепигово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 17.07.2021 во с.Чепигово, пријавениот физички нападнал едно лице при што му нанел тешки телесни повреди.

На 12.08.2021 година во 13.08 часот во СВР Куманово било пријавено дека во Општа болница Куманово била донесена Г.Т.(40) од САД со повреди од огнено оружје. По преземени мерки и извршени разговори дојдено е до сознание дека нејзин роднина Ш.М.(30) од с.Оризаре, општина Липково, додека го чистел службениот пиштол, ненамерно испукал куршум и ја повредил. За настанот бил запознаен Јавен обвинител, а увид извршила екипа на СВР Куманово.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет